РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-176/12
16.03.2018 год.
КОЧАНИ

Друштво за вештачење и процена
СИНОПСИС ДООЕЛ
Бр. 307-02
08.03. 2018 год.
СКОПЈЕ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата) и**

**2. Друштво за вештачење и процена „СИНОПСИС" ДООЕЛ Скопје,** со седиште на бул. "Партизански одреди" бр.105/7 Скопје, ДБ:4057011513103 и ЕМБС:6710115, жиро с-ка 300000003287560, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Величе Николовска (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка е:
**ДЕЛ1: Вршење на процена од овластен проценувач на недвижен имот;**
**ДЕЛ2: Вршење на процена од овластен проценувач на подвижен имот, машини и опрема;**
**ДЕЛ3: Вршење на процена од овластен проценувач на транспортни средства.**

од предмет за јавна набавка на услуги

**Вршење на процена од овластен проценувач и тоа:**

**ДЕЛ1: Вршење на процена од овластен проценувач на недвижен имот;**
**ДЕЛ2: Вршење на процена од овластен проценувач на подвижен имот, машини и опрема;**
**ДЕЛ3: Вршење на процена од овластен проценувач на транспортни средства;**
**ДЕЛ4: Вршење на процена од овластен проценувач на информатичка технологија**
**ДЕЛ5: Вршење на процена од овластен проценувач на насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето.**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1750/3 од 15.12.2017 год., изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас бр.05-1750/4/2017 од 15.12.2017 год. , објавен на ЕСЈН а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1750/2 од 15.12.2017 год.

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-1750/2 од 15.12.2017 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација, составен дел на овој договор, за сите три дела кои ги опфаќа предметот на набавка, односно обезбедените средства за реализација на овој договор **се во висина од 220.000,00 ден. без ДДВ**, односно **259.600,00 ден. со вклучен ДДВ 18 % од кои 140.000,00 денари без ДДВ за ДЕЛ1, 40.000,00 денари без ДДВ за ДЕЛ2, 40.000,00 денари без ДДВ за ДЕЛ3.**

Единечните цени за услугите – по опис на услуга, без ДДВ за ДЕЛ1, ДЕЛ2 и ДЕЛ3 од предметот на набавка во согласност со Извештајот од спроведената постапка се преземени и утврдени од првичната/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН, а во согласност со извештаите од е-аукциите одржани на ден 05.01.2018 год. генерирани на ЕСЈН и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

Договорниот орган го задржува правото да може планираните средства за реализација на еден дел од предметот на набавката, да ги искористи за реализација на друг дел, а при тоа не менувајќи ја целосната финансиска конструкција на планираните средства за реализација на целиот предмет на набавка.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 година, програма Е0, ставка 425.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Вредноста на секоја стварно извршена услуга ќе се утврдува со доставена фактура и детален Извештај за конкретно извршена услуга, согласно техничката спецификација, а по понудени единечни цени без ДДВ преземени од првична/конечна понуда, составен дел на овој Договор, за секој дел од предметот на набавка посебно.

Единечните цени за вршење на услугите за секоја поединечна ставка-преземени од понудата избрана за најповолна ја вклучуваат цената, односно наградата за извршената процена и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена со вклучена испорака и достава на Извештајот за извршена процена на адресата на Корисникот на услугата - Општина Кочани, ул.Раде Кратовче бр.1 Кочани, 2300.

Плаќањето ќе се врши во рок до 60 дена сметано од денот на приемот на фактурата со Извештајот за извршена процена во Архивата на Корисникот на услугата.
ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Начин и рок на извршување на услугите***

**Член 5**

Набавката е сукцесивна и ќе се реализира само по поднесено писмено барање/нарачка од Корисникот на услугата, во зависност од потребите на Корисникот на услугата. Корисникот на услугата го задржува правото да не ја реализира вкупната вредност на склучениот договор, доколку во текот на времетраењето на договорот немал предмет на процена.

Носителот на набавката е должен услугите - предметот на договорот за јавната набавка да ги извршува на следниов начин (се однесува за сите делови):

- Во рок од **10 (десет) дена сметано од приемот на барање/нарачка** од задолженото/овластено лице на Корисникот на услугата **за една процена.** Вршителот на услугата е должен процената да ја достави до нарачателот на процената во согласност со условите од техничката спецификација и во договорениот рок. Процената на пазарната вредност на предметот на процена, треба да се врши согласно Законот за процена, на начин пропишан со методологијата и правилникот за вршење на процена од соодветната област на предметот на набавка и важечките правила и стандарди во РМ за вршење на процена на предмет од соодветната област на предметот на набавка.

***Број и начин на доставување на потребни примероци***

**Член 6**

Извештајот за процена се изготвува во три еднообразни оригинални примероци од кои два за договорниот орган и еден за изготвувачот на процената. Извештајот од процена на Корисникот на

услугата се доставува во два примерока во писмена форма и еден примерок во е-форма на CD и на USB медиум.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 7**

Носителот на набавката е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, на начин, време и рокови кои ќе бидат утврдени во секое конкретно сукцесивно поднесено барање од страна на Договорниот орган, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Носителот на набавката не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 8**

Корисникот на услугата е должен да ги обезбеди сите податоци потребни за вршење на процената, предмет на конкетното барање.

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 9**

Носителот на набавка ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ - договорна казна, ако не ја исполни својата обврска или задоцни со нејзиното исполнување.

Договорната казна се определува во износ од:

- 1 % од вкупната вредност на овој договор доколку носителот на набавката доцни или неурено ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршат во утврдениот рок, и
- 20 % од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна ќе се определи врз основа на ст.2 ал.1 или ал.2 од овој член, а ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што договорниот орган веднаш писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор, носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на договорниот орган настаната поради доцнење односно неуредно извршени услуги или неисполнување на своите обврски.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 10**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот или до исцрпување на договорената вредност.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 11**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 12**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе йостави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 13**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 14**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 15**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 16**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 17**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 18**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

*Завршни одредби*

**Член 19**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 20**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 21**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 22**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 23**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 24**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| *за Вршителот на услугата,* | *за Корисникот на услугата,* |
| *Управител,* | *Градоначалник,* |
| *( Величе Николовска )* | *( Николчо Илијев )* |

Составен дел на овој Договор се :

-Понуда за ДЕЛ 1, ДЕЛ 2 и ДЕЛ 3 поднесени преку ЕСЈН на 15.12.2017

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анна Кралева*

## *ЛИСТИ НА ЦЕНИ*

**ДЕЛ1: Вршење на процена од овластен проценувач на недвижен имот**

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **СТАНОВИ** | **Един.цена без ддв во МКД за вршење процена на недвижен имот ( понудената цена да вклучува износ за награда и надоместок за реално потребни трошоци)** |
| 1. | До 40м2 | 3.200,00 |
| 2 | Од 41м2 до 75 м2 | 4.000,00 |
| 3 | Од 76м2 до 90 м2 | 5.200,00 |
| 4 | Од 91 до 150м2 | 6.400,00 |
| 5. | Над 150 м2 | 7.200,00 |
| 6. | За секој м2 над 150 м2 | 24,00 |
| **II.** | **КУЌИ** | |
| 1. | До 100м2 | 3.600,00 |
| 2. | Од 101 до 200 м2 | 4.000,00 |
| 3. | Од 201 до 350м2 | 4.400,00 |
| 4. | Над 350 м2 | 4.800,00 |
| 5. | За секој м2 над 350 м2 | 24,00 |
| **III.** | **ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ (ГАРАЖА, ОСТАВА, ПОДРУМ)** | |
| 1. | Само за 1 /еден/ објект | 640,00 |
| 2. | За секој нареден објект | 240,00 |
| **IV.** | **ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ** | |
| 1. | До 60м2 | 6.000,00 |
| 2. | Од 61 до 100 м2 | 7.600,00 |
| 3. | Од 101 до 200 м2 | 10.400,00 |
| 4. | Од 201 до 300 м2 | 12.000,00 |
| 5. | Над 300 м2 | 14.400,00 |
| 6. | За секој м2 над 300 м2 | 48,00 |
| **V.** | **ЗЕМЈИШТЕ (ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)** | |
| 1. | До 600м2 | 4.000,00 |
| 2. | Од 601 до 1000м2 | 5.600,00 |
| 3. | Од 1001 до 3000м2 | 7.200,00 |
| 4. | Од 3001 до 6000м2 | 9.600,00 |
| 5. | Над 6001 м2 | 12.000,00 |
| **VI.** | **МАГАЦИНИ, ХАЛИ, СТОВАРИШТА, ПРОИЗВОДНИ ХАЛИ** | |
| 1. | До 1000м2 | 14.400,00 |
| 2. | Од 1001 до 2000м2 | 20.000,00 |
| 3. | Од 2001 до 4000м2 | 32.000,00 |
| 4. | Од 4001 до 5000м2 | 44.000,00 |
| 5. | Над 5000 м2 | 52.000,00 |

**ДЕЛ2: Вршење на процена од овластен проценувач на подвижен имот, машини и опрема**

| Ред. бр. | Проектирана вредност на предмет на процена во денари | Един.цена без ддв во МКД за вршење процена на подвижен имот, машини и опрема ( понудената цена да вклучува износ за награда и надоместок за реално потребни трошоци) |
|---|---|---|
| **1.** | - **До 300.000** | 2.000,00 |
| **2.** | - **Од 300.001 до 600.000** | 6.001,00 |
| **3.** | - **Од 600.001 до 1.200.000** | 18.001,00 |
| **4.** | - **Од 1.200.001 до 3.000.000** | 36.001,00 |
| **5.** | - **Од 3.000.001 до 6.000.000** | 90.001,00 |
| **6.** | - **Од 6.000.001 до 18.000.000** | 120.001,00 |
| **7.** | - **Од 18.000.001 до 30.000.000** | 240.001,00 |
| **8.** | - **Од 30.000.001 до 60.000.000** | 360.001,00 |
| **9.** | - **Од 60.000.001 до 180.000.000** | 550.001,00 |
| **10.** | - **Од 180.000.001 до 300.000.000** | 950.001,00 |

**ДЕЛ3: Вршење на процена од овластен проценувач на транспортни средства**

| Ред. Бр. | Вид и опис на предметот на процена | **Един.цена без ддв во МКД за вршење процена на транспортни средства** ( понудената цена да вклучува износ за награда и надоместок за реално потребни трошоци) |
|---|---|---|
| I. | ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА | |
| 1. | Од 1 до 3 возила, за возило | 3.200,00 |
| 2. | Од 4 до 10 возила, за возило | 2.880,00 |
| 3. | Од 11 до 20 возила, за возило | 2.720,00 |
| 4. | Над 20 возила, за возило | 2.640,00 |
| II. | МОТОЦИКЛИ | |
| 1. | Мотицикл | 1.200,00 |
| 2. | Велосипеди со мотор од 50 cm $^3$ и старост поголема од 3 години | 960,00 |
| III. | ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА,ВЛЕКАЧИ И АВТОБУСИ | |
| 1. | Од 1 до 3 возила, за возило | 4.800,00 |
| 2. | Од 4 до 10 возила, за возило | 4.320,00 |
| 3. | Од 11 до 20 возила, за возило | 4.080,00 |
| 4. | Над 20 возила, за возило | 3.920,00 |
| IV. | ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА | |
| 1. | Од 1 до 3 возила, за возило | 1.600,00 |
| 2. | Од 4 до 10 возила, за возило | 1.440,00 |
| 3. | Од 11 до 20 возила, за возило | 1.360,00 |
| 4. | Над 20 возила, за возило | 1.280,00 |

***за Вршителот на услугата,***
***Управител,***
***( Величе Николовска )***

***за Корисникот на услугата,***
***Градоначалник,***
***( Николчо Илијев )***

СИНОПСИС ДООЕЛ СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Оделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анна Кралева*

Друштво за интелектуални услуги и процена
МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ
Бр. 03-89/4
09.03.2018 год.
КАВАДАРЦИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-176/3
16.03.2018 год.
КОЧАНИ

# Договор

Склучен помеѓу:

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата) и**

**2. Друштво за интелектуални услуги и процена „МЕТОДА ПЛУС" ДООЕЛ Кавадарци**, со седиште на ул. "Вељко Влаховиќ" бр.4-1/14 Кавадарци, ДБ:4011012509355 и ЕМБС:6825710, жиро с-ка 210068257100142, депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Илија Митрев (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка е:
**ДЕЛ4: Вршење на процена од овластен проценувач на информатичка технологија**
**ДЕЛ5: Вршење на процена од овластен проценувач на насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето.**

од предмет за јавна набавка на услуги

**Вршење на процена од овластен проценувач и тоа:**

**ДЕЛ1: Вршење на процена од овластен проценувач на недвижен имот;**
**ДЕЛ2: Вршење на процена од овластен проценувач на подвижен имот, машини и опрема;**
**ДЕЛ3: Вршење на процена од овластен проценувач на транспортни средства;**
**ДЕЛ4: Вршење на процена од овластен проценувач на информатичка технологија**
**ДЕЛ5: Вршење на процена од овластен проценувач на насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето.**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1750/3 од 15.12.2017 год., изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас бр.05-1750/4/2017 од 15.12.2017 год. , објавен на ЕСЈН а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1750/2 од 15.12.2017 год.

*Вредност на договорот*

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-1750/2 од 15.12.2017 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на услугите опишани во техничката спецификација, составен дел на овој договор, за двата дела кои ги опфаќа предметот на набавка, односно обезбедените средства за реализација на овој договор **се во висина од 80.000,00 ден. без ДДВ**, односно **94.400,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %, од кои** 30.000,00 денари без ДДВ за ДЕЛ4 и 50.000,00 денари без ДДВ за ДЕЛ5.

Единечните цени за услугите – по опис на услуга, без ДДВ за ДЕЛ 4 и ДЕЛ 5 од предметот на набавка во согласност со Извештајот од спроведената постапка се преземени и утврдени од првичната/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН, а во согласност со извештаите од поднесување конечна цена/е-аукцијата одржани на ден 05.01.2018 год. генерирани на ЕСЈН и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

Договорниот орган го задржува правото да може планираните средства за реализација на еден дел од предметот на набавката, да ги искористи за реализација на друг дел, а при тоа не менувајќи ја целосната финансиска конструкција на планираните средства за реализација на целиот предмет на набавка.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 година, програма Е0, ставка 425.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Вредноста на секоја стварно извршена услуга ќе се утврдува со доставена фактура и детален Извештај за конкретно извршена услуга, согласно техничката спецификација, а по понудени единечни цени без ДДВ преземени од првична/конечна понуда, составен дел на овој Договор, за секој дел од предметот на набавка посебно.

Единечните цени за вршење на услугите за секоја поединечна ставка-преземени од понудата избрана за најповолна ја вклучуваат цената, односно наградата за извршената процена и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена со вклучена испорака и достава на Извештајот за извршена процена на адресата на Корисникот на услугата - Општина Кочани, ул.Раде Кратовче бр.1 Кочани, 2300.

Плаќањето ќе се врши во рок до 60 дена сметано од денот на приемот на фактурата со Извештајот за извршена процена во Архивата на Корисникот на услугата.
ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Начин и рок на извршување на услугите***

**Член 5**

Набавката е сукцесивна и ќе се реализира само по поднесено писмено барање/нарачка од Корисникот на услугата, во зависност од потребите на Корисникот на услугата. Корисникот на услугата го задржува правото да не ја реализира вкупната вредност на склучениот договор, доколку во текот на времетраењето на договорот немал предмет на процена.

Носителот на набавката е должен услугите - предметот на договорот за јавната набавка да ги извршува на следниов начин (се однесува за сите делови):

- Во рок од **10 (десет) дена сметано од приемот на барање/нарачка** од задолженото/овластено лице на Корисникот на услугата **за една процена.** Вршителот на услугата е должен процената да ја достави до нарачателот на процената во согласност со условите од техничката спецификација и во договорениот рок. Процената на пазарната вредност на предметот на процена, треба да се врши согласно Законот за процена, на начин пропишан со методологијата и правилникот за вршење на процена од соодветната област на предметот на набавка и важечките правила и стандарди во РМ за вршење на процена на предмет од соодветната област на предметот на набавка.

***Број и начин на доставување на потребни примероци***

**Член 6**

Извештајот за процена се изготвува во три еднообразни оригинални примероци од кои два за договорниот орган и еден за изготвувачот на процената. Извештајот од процена на Корисникот на

услугата се доставува во два примерока во писмена форма и еден примерок во е-форма на CD и на USB медиум.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 7**

Носителот на набавката е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, на начин, време и рокови кои ќе бидат утврдени во секое конкретно сукцесивно поднесено барање од страна на Договорниот орган, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Носителот на набавката не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 8**

Корисникот на услугата е должен да ги обезбеди сите податоци потребни за вршење на процената, предмет на конкетното барање.

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 9**

Носителот на набавка ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ - договорна казна, ако не ја исполни својата обврска или задоцни со нејзиното исполнување.

Договорната казна се определува во износ од:

- 1 % од вкупната вредност на овој договор доколку носителот на набавката доцни или неурено ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршат во утврдениот рок, и
- 20 % од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна ќе се определи врз основа на ст.2 ал.1 или ал.2 од овој член, а ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што договорниот орган веднаш писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор, носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на договорниот орган настаната поради доцнење односно неуредно извршени услуги или неисполнување на своите обврски.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 10**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот или до исцрпување на договорената вредност.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 11**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата

**Член 12**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе йостави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 13**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 14**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 15**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 16**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 17**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 18**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време

*Завршни одредби*

**Член 19**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 20**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 21**

Договорните страни се согласни за сѐ што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 22**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 23**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 24**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| *за Вршителот на услугата ,* | *за Корисникот на услугата,* |
| *Управител,* | *Градоначалник,* |
| *( Илија Митрев )* | *( Николчо Илијев )* |

Составен дел на овој Договор се :

-Понуда за ДЕЛ 4 и ДЕЛ 5 поднесени преку ЕСЈН на 16.12.2017

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Оделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анна Кралева*

## *ЛИСТИ НА ЦЕНИ*

**ДЕЛ4: Вршење на процена од овластен проценувач на информатичка технологија**

| Ред. Бр. | Вид и опис на предметот на процена | **Един.цена без ддв во МКД за вршење процена на информатичка технологија** (понудената цена да вклучува сите попусти и трошоци на понудувачот) |
|---|---|---|
| I. | Вршење процена на информатичка технологија во следните категории: | |
| 1. | Техничка инфраструктура (опфаќа хардвер и софтвер) | 10.000,00 |

**ДЕЛ5: Вршење на процена од овластен проценувач на насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето**

| Ред. Бр. | Вид и опис на предметот на процена | ***Един.цена без ддв во МКД за вршење процена на насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето*** (понудената цена да вклучува сите попусти и трошоци на понудувачот) |
|---|---|---|
| 1. | Вредност на проценка до 100.000 ден. | 5.000,00 |
| 2. | Вредност на проценка од 100.001 ден. до 1.000.000 ден. | 10.000,00 |
| 3. | Вредност на проценка над 1.000.001 ден. | 15.000,00 |

***за Вршителот на услугата,*** ***Управител,***

***( Илија Митрев )***

***за Корисникот на услугата,*** ***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Оделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи–Анна Кралева*